

SALAR International

ноември 2024

# Гласило

## Одржливо управување со отпадот на локално ниво во Северна Македонија

## Партнерските општини од пелагонскиот и југозападниот регион го водат патот кон одржливо управување со отпад

**Ова гласило има за цел да информира за напредокот на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ од издавањето на последната брошура во април 2024 година.**

Во изминатите шест месеци, фокусот беше ставен на зајакнување на локалните капацитети, вклучување на граѓаните, подигнување на јавната свест - со акцент на едукација на децата како темел за идните промени, и градење партнерства за понатамошно унапредување на одржливите практики за управување со отпадот во Северна Македонија.

И покрај административните предизвици поврзани со организирањето на парламентарните и претседателските избори во април и мај, локалните акциски планови (ЛАП) официјално започнаа во сите партнерски општини, означувајќи значаен исчекор. Со силен фокус на инклузивноста, општините започнаа активности поврзани со мапирање на дивите депонии, обезбедување еднаков пристап до услугите за управување со отпад, и организирање кампањи за подигање на јавната свест во нивните заедници.

Интервенциите за развој на капацитетите одиграа важна улога преку одржување обуки за мониторинг и евалуација и стратешка комуникација, наменети за општинскиот персонал. Истовремено, беше спроведена и сеопфатна едукативна програма за управување со отпад на наставниците во основните училишта. Овие мерки ги опремија општините и наставниците со потребните алатки за промоција на одржливи практики во нивните заедници.

Еден од клучните моменти беше студиската посета на Шведска, каде што претставниците на општините беа изложени на најдобрите практики во собирање, рециклирање и повторна употреба на отпадот. Инспирирани од оваа посета, општините започнаа со спроведување пилот-проекти усогласени со зацртаните цели во нивните ЛАП. Дополнително, беа организирани големи јавни настани за подигнување на свеста за правилно постапување со отпадот, кои допреа до широка публика и ги зацврстија одржливите навики.

Регионалната соработка беше зајакната преку организирање настани кои ги обединија носителите на одлуки и засегнатите страни, додека нашето партнерство со ЗЕЛС продолжи да се развива преку заедничко стратешко планирање и спроведување на проектот во планските региони.

Овој заеднички напредок беше поддржан со изработка на низа информативни материјали, вклучувајќи истражувачки трудови и практични упатства, кои дополнително ги зајакнаа капацитетите на нашите партнерски општини за воспоставување одржливи практики за управување со отпадот во Северна Македонија.

# Локалните акциски планови во полна динамика

Една од најважните новини е стартувањето на Локалните Акциски Планови (ЛАП) во општините, фокусирајќи се на активности за идентификување на потребната инфраструктура за собирање отпад, мапирање на дивите депонии и подобрување на условите за ефикасно селектирање и рециклирање на отпадот. Преку партиципативен пристап, овие активности беа реализирани со вклучување на јавните комунални претпријатија и колективните постапувачи во активностите за селекција на отпад. Дополнително, повеќето општини организираа активности за подигање на свеста и еко-акции за чистење со учество на јавните институции, училишта, градинките и пошироката локална заедница.



Локалното население во Битола во акција за чистење на ѓубриштата во општината





Поставување нови контејнери и автомати за селекција на отпад во Прилеп и Охрид

**Така, во текот на првите шест месеци од спроведувањето на ЛАП, општините успешно:**

- мапираа диви депонии на нивната територија, вклучувајќи ги пречките што го попречуваат еднаквиот пристап до услугите за управување со отпад
- спроведоа сеопфатна анализа и ги дефинираа количините на потребната инфраструктура за управување со отпад, како што се возила, контејнери и канти
- поставија нови контејнери и автомати за селекција и рециклирање на отпад на одредени локации
- реализираа активности за подигање на свеста за правилна селекција на отпадот преку еко-акции со учество на јавните институции, училиштата, градинките, граѓанските организации и жителите
- идентификуваа видови и количини на одделните текови на отпад на нивната територија и склучија договори со колективни постапувачи за заедничка селекција и рециклирање на отпадот
- формираа работни групи составени од претставници на различни одделенија во општините и засегнати страни за постојано следење, идентификација на дополнителни средства и ефективно финансиско планирање при управувањето со отпад



Секоја година, повеќе од 300.000 луѓе го посетуваат центарот за рециклирање во Јевле, активно учествувајќи во практиките за одржливо управување со отпадот



Фабриката за биогас Форсбака во Јевле произведува биогас и био-ѓубрива од собраниот отпад од храна во регионот

# Учење од најдобрите практики: Посета на Шведска

Во септември беше организирана студиска посета во Шведска за претставници од пилот-општините. Оваа посета им овозможи на нашите партнери да се запознаат со најдобрите практики за селекцијата на отпад, рециклирањето и циркуларната економија кои се користат во шведските општини. Посетата им обезбеди на општинските претставници практични примери за ефикасни системи за собирање и третман на отпад, со акцент на придобивките од примарна селекција во куќите и станбените згради, за постигнување високи стапки на рециклирање. Тие посетија и центри за рециклирање каде што граѓаните можат правилно да депонираат до 20 типови на отпад, со што се намалува нелегалното одлагање и количината на отпад на депониите, а истовремено се генерираат приходи за општините. Посетата исто така им покажа на нашите препставници како да започнат со мали активности и постепено да ги надградуваат, а беа претставени и решенија за собирање и третман на биоотпад преку компостирање и производство на биогас, како една од најефикасните стратегии за одржливо управување со отпадот.



Примарна селекција на отпад во домаќинствата во Јевле, Шведска

## Поголеми достигнувања во последните шест месеци

**април**
- Регионален настан за воспоставување интегриран систем за управување со отпад

**мај**
- Акциски план за развој на капацитетите на општините и план за спроведување на обуки

**јуни**
- Препораки, упатства и листи за проверка за спречување пожари на депонии

**јули**
- Поддршка на кампањи и активности за подигање на свеста

**август**
- Образовна програма
- Обуки за следење и оцена
- Настани за подигање на свеста

**септември**
- Студиска посета на Шведска
- Развој на пилот-проекти

**октомври**
- Реализација на пилот-проектите
- Обуки за стратешка комуникација
- Работилница за стратешко планирање со ЗЕЛС

## Развој на капацитетите за поефикасна испорака на услуги



Општинскиот персонал стекнува знаење за ефективно комуницирање на активностите за управување со отпад

Уште еден значаен момент беше отпочнувањето на програмата за развој на капацитетите, дизајнирана да ги опреми општините со алатки и знаења потребни за ефективно спроведување на нивните ЛАП. Преку програмата, општинскиот персонал стекна практични вештини за следење и оцена на спроведувањето на ЛАП, додека обуките за стратешка комуникација им помогнаа да го подобрат комуницирањето со јавноста и засегнатите страни, со цел да поттикнат поголемо разбирање и поддршка за локалните иницијативи за управување со отпад.

Дополнително, повеќе од 40 наставници од 15 основни училишта учествуваа во специјално дизајнираната образовна програма, која им овозможи да ги вклучат принципите на управување со отпад и одржлива животна средина во наставата. Низ образовната програма наставниците се стекнаа со теоретски знаења за управување со отпад, но и со практични вежби соодветни за ученици од второ до петто одделение, како што се „рециклирачко бинго“, „кошарка со отпад“ и „рециклирана саксија“. Искуствата и вештините стекнати преку оваа програма ќе им помогнат на наставниците да ги изградат децата во еколошки свесни граѓани кои се подготвени да направат разлика во своите заедници.

Од почетокот на учебната година во септември, вкупно 750 деца следат часови предводени од овие наставници во нивните училишта, со надеж дека ќе ги споделат стекнатите знаења со своите родители и семејства.





Наставниците учат иновативни образовни практики за управување со отпад и одржлива животна средина

## Од инспирација до конкретна акција

Оваа посета ги инспирираше нашите локални лидери да иницираат проекти во нивните општини, особено во областите на селекција и рециклирање на отпад. Во тој контекст, Општина Охрид официјално го започна процесот на собирање пластичен отпад со претходно распределените 1000 канти на домаќинствата во избрани населени места, додека Општина Новаци го започна процесот на собирање пластичен отпад со обезбедување 80 канти за локалните жители. Дополнително, тие започнаа и одделно собирање на градинарски и градежен отпад од домаќинствата. Во меѓувреме, во партнерство со колективниот постапувач Тексомак, Општина Прилеп започна селекција и рециклирање на текстилен отпад со поставување на специјални контејнери на клучни локации во општината. Откако ги заврши сите потребни подготовки, вклучувајќи ја и набавката на канти, Општините Битола и Кичево ќе ги започнат проектите за селекција на пластичен отпад во наредните месеци.



Сопственици на домаќинства во општина Новаци добиваат канти за селекција на пластика



Деца во општина Прилеп ги рециклираат нивните стари играчки во контејнери за текстилен отпад




Промоција на навики за селекција на отпадот на настанот „100 години Прилепска пиварница“



Децата учат за одржливите навики за отпад на работилница на отворено во општина Охрид



# Подигнување на свеста за одржливи навики за постапување со отпад

Подигнувањето на јавната свест останува основен столб на нашиот пристап кон реформите во управувањето со отпадот, па во изминатите месеци пилот-општините организираа неколку значајни настани за едукација на граѓаните за правилна селекција и одлагање на отпадот. Овие настани служеа како платформи за вклучување на јавноста, споделување знаења и поттикнување на заедничко учество во активностите за управување со отпадот. Преку блиска соработка со бизнис-заедницата, локалните училишта, јавните институции и месното население, општините успешно допреа до широка публика, вградувајќи чувство на заедничка одговорност за одржливо управување со отпадот. Овој пристап, воден од континуирани кампањи, ќе осигури дека практиките за управување со отпадот не само што ќе бидат разбрани, туку и прифатени од заедницата, поттикнувајќи култура на еколошка одговорност.





# Зајакнување на регионалната соработка за интегриран систем за управување со отпад

Нашата посветеност на регионалната соработка дополнително се зајакна преку организирање форуми за дискусија меѓу носителите на одлуки и клучните засегнати страни. Овие форуми се дизајнирани за поттикнување дијалог, споделување искуства и усогласување на приоритетите на општините за управување со отпад со регионалниот план за управување со отпад. Преку обединување на ресорните министерства, градоначалниците, директорите на јавните комунални претпријатија и претставниците на заедниците, создаваме мрежа на лидери кои посветено работат на подобрување на услугите за управување со отпад на регионално ниво. Воспоставената соработка беше клучна за координирање на напорите за управување со отпад меѓу општините, обезбедувајќи размена на најдобрите практики и споделување на ставовите за регионалниот систем за управување со отпад.

# Заедниците го преземаат водството за чиста животна средина









# Алатки и ресурси за одржливо управување со отпад

За реализација на овие иницијативи, развивме широк спектар на информативни материјали, упатства и аналитички извештаи кои ги поддржаа општините во спроведувањето на активностите. Нашиот тим и експерти изработија алатки за следење на спроведувањето на локалните акциски планови, како и упатства и листи за проверка за спречување пожари на депониите. Дополнително, неодамна изработената анализа на пазарот за рециклирачки материјали ги идентификуваше клучните можности за економична селекција и рециклирање на отпадот, нудејќи им на општините корисни решенија за подобрување на нивните практики за управување со отпад. Најпосле, во изработка е и сеопфатна методологија за интегрирање на родовите аспекти во управувањето со отпадот, со цел да се обезбедат ефикасни алатки за општините за користење на родово раздвоени податоци при планирањето на политиките и услугите за управување со отпад. Овие материјали се прилагодени да им помогнат на општините да се справат со специфичните предизвици и можности во секторот за управување со отпад, и да им послужат како патоказ за носење информирани одлуки и испорака на ефективни и правични услуги.















Заедничка работилница за стратешко планирање на ЗЕЛС и САЛАР Интернационал

# Партнерство со ЗЕЛС за поттикнување одржливи промени

Дополнително, нашето партнерство со ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа) останува клучен елемент за достигнувањата на проектот. Заеднички сме вклучени во стратешкото планирање и координирањето на активностите за реализација на целите на проектот. Преку ова засилено партнерство, ЗЕЛС одигра важна улога во пристапот до општините, ширењето на успешните практики и поддршката на напорите на општините за спроведување на активностите, особено во примената на родово одговорни принципи во услугите за управување со отпад. Соработката со ЗЕЛС не само што го зајакнува спроведувањето на проектот, туку создава и одржливи промени кои ќе продолжат и по завршувањето на проектот, овозможувајќи им на општините да ги уживаат придобивките од постигнатиот напредок.



# Заедно градиме почиста и поздрава иднина

Во изминатите шест месеци сведочевме на зајакнување на капацитетите на општините за испорака на услуги за управување со отпад и активно вклучување на заедниците во трансформирањето на практиките за управување со отпад. Локалните акциски планови, кои сега се спроведуваат, ги водат општините кон постигнување на нивните цели за одржливост. Со вклучување на граѓаните, колективните постапувачи, наставниците и лидерите во заедниците, се создава интегриран и инклузивен систем за управување со отпад од кој корист ќе имаат сите подеднакво.

Гледајќи напред, нашиот ангажман ќе остане посветен да им обезбеди континуирана поддршка на општините во имплементацијата на нивните акциски планови за управување со отпад. Во следниот период, фокусот ќе биде ставен на проширување на тековните практики за селекција на отпад во партнерските општини. Ова ќе вклучи воведување нови локални регулативи за домаќинствата и бизнисите со цел подобрување на примарната селекција на отпад, како и воспоставување на собирни центри, наменети особено за градежен и кабаст отпад. За поддршка на овие активности, општините ќе развијат прилагодени комуникациски планови за реализација на нивните акциски планови. Овие планови ќе овозможат ефикасна комуникација со локалните заедници, осигурувајќи дека граѓаните се информирани и вклучени во секоја фаза од имплементацијата на локалните акциски планови.

Исто така, со задоволство ја најавуваме претстојната регионална студиска посета за партнерските општини во Чајетина, Србија. Оваа посета ќе им овозможи на нашите општини да ги согледаат најдобрите регионални практики и непосредно да видат иновативни решенија за управување со отпадот спроведени во соседните земји.

Родовата еднаквост останува основен принцип во нашиот пристап. Развиваме Методологија и Прирачник со практични алатки за родова интеграција, кои ќе бидат дополнително вклучени во програмата за обуки што ја нуди ЗЕЛС. Овој прирачник ќе обезбеди интеграција на родовите перспективи во испораката на услугите и планирањето на политиките за управување со отпад, а истовремено ќе овозможи проширување на ефектите од нашата работа во други општини, надвор од двата плански региони.

Подобрувањето на соработката со клучните министерства е исто така приоритет. Тесно соработуваме со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за локална самоуправа за поддршка на обновувањето на меѓу-општинскиот одбор за управување со отпад со цел да се постават темелите за воспоставување на целосно функционален регионален систем за управување со отпад. Ова ќе биде дополнето со посилна меѓу-општинска соработка со цел осигурување на ефективна имплементација на регионалниот план за управување со отпад.

Додека продолжуваме понатаму, возбудени сме за можностите кои претстојат и остануваме посветени на соработка со нашите партнери за да го направиме одржливото управување со отпад реалност за сите општини во Пелагонискиот и Југозападниот регион.

Заедно градиме почиста и поздрава иднина.

SALAR International вложи напори за да се осигура дека податоците, анализите, мислењата и другите информации што се користат во гласилото се точни. Иако прибрани од извори за кои се верува дека се веродостојни, SALAR International препознава дека не може да се гарантира точноста на користените податоци или информации. Комплетноста и точноста на сите податоци и информации користени за изработка на гласилото зависат од изворите на таквите податоци и информации, кои пак се надвор од контрола на SALAR International.

SALAR International сака да им се заблагодари на сите институции и поединци кои учествуваа во процесот на изработка на гласилото и за нивната безрезервна поддршка и придонес. © SALAR International, 2024. Сите права се задржани.

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС